**06.07.2020**

.



ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Совет на Општина Демир Хисар

ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

.

Врз основа на член 43 точка 39 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/2) и одредбите од Одлуката за јавни признанија на Општина Демир Хисар,  бр. 07 – 942/9 од 26.12.2013 и измените на Одлуката за јавни признанија на Општина Демир Хисар  бр. 17-875/4 од 12.9.2018, Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување признанија и награди,

објавува:

.

**ЈАВЕН ПОВИК**

**ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**.**

1. Наградата на Општина Демир Хисар **„ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО“**, се доделува на физичко лице за постигнати вонредни резултати, а особено за успеси и големи заслуги постигнати во областа на науката, бизнисот, економијата, образованието, културата, техничката култура, уметноста, спортот, здравството, социјалната заштита, екологијата и хуманитарните дејности, како и други подрачја и дејности, во Општината Демир Хисар.

2. Наградата за животно дело се состои од **ПЛАКЕТА** и нето **ПАРИЧЕН ИЗНОС**;
3. За доделувањето на наградата на Општина Демир Хисар за животно дело одлучува Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување признанија и награди;
4. За висината на паричниот дел од наградата одлучува Советот на општината;
5. Наградата ќе биде врачена на свечена седница на Советот по повод 2 Септември, ден на ослободувањето на Демир Хисар;
6. Предлог за доделување на наградата „ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО“ можат да поднесат трговски друштва, установи, верски заедници, политички партии, здруженија на граѓани и граѓаните – поединечно или како неформална група;
7. Еден предлагач може да поднесе предлог само за 1 кандидат;
8. Лицата што ќе бидат номинирани за наградата, задолжително потпишуваат, а предлагачите доставуваат потпишана изјава дека се согласни со номинацијата;
9. Предлозите се доставуваат во писмена (печатена) форма, на пропишани обрасци што можат да се преземат **ТУКА** или во архивата на Општина Демир Хисар;
10. Предлозите се доставуваат лично, преку архивата на Општина Демир Хисар, до Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување признанија и награди, со назнака „ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО“;
11. Предлозите се доставуваат во 6 идентични примероци;
12. Краен рок за поднесување на предлозите е 20.7.2020, до 15:00 часот;

13. Некомплетни предлози, предлози што нема да бидат доставени изработени на пропишаните обрасци, предлози што нема да бидат доставени преку архивата на општината и коишто ќе бидат доставени по завршувањето на утврдениот рок, нема да бидат разгледувани;

.

**Совет на Општина Демир Хисар**

**Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување признанија и награди**

**Претседател на комисијат**а

**Татјана Кочовска**